Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.02-174/1

01.09.2023 година

**Скопје/Shkup**

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став (3) од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 го донесе следното :

Р Е Ш Е Н И Е

Примената на Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, објавена во („Службен гласник на Град Скопје„) бр.10/23, СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став(1) и ( 2) од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 по службена должност изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на Град Скопје, објавени во („Службен гласник на Град Скопје „) бр. 10/2023, кои Градоначалникот на Град Скопје согласно членот 71 став 1 од Законот за локалната самоуправа ги достави до овој Орган на 09-08-2023 година, и утврди дека Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, не е во согласност со член 2 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.") бр.199/14, 44/15, и 193/15, 31/16,163/16,64/18 и 168/18).

Според член 2 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање:

(1) *Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на Просторен план, урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план и урбанистичко-проектна документација, со цел да се обезбеди уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата."*


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Како единствен процес тоа значи дека и постапката за поништување на веќе донесен регулациски план морала да биде спроведена на ист начин, со ангажирање на сите органи и тела на Градот, а без заобиколување на најважниот чинител- Градоначалникот.

Притоа треба да се има предвид дека изработувањето, донесувањето и спроведувањето на регулацискиот план на генерален урбанистички план, се работи од јавен интерес.

Поаѓајки од тоа дека регулациски план на генерален урбанистички план е план со кој може да се врши разработка на плански опфат на генерален урбанистички план заради утврдување на граници за детално планирање, постапката за поништување на планот не може да биде надвор од процедурата за негово донесување.

Дополнително институтот поништување означува поништување и на сите дејствија што ги генерирал актот што е неупатно во урбанистичкото планирање. Оттаму новиот ЗУП предвидува институт укинување и суспензија.

*Според член 14 од истиот закон, цитираме:*

*1) Со Регулациски план на генерален урбанистички план се врши разработка на плански опфат на генерален урбанистички план, заради утврдување на граници за детално планирање.*

*(6) Регулациски план на генерален урбанистички план како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план. Стручна ревизија на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и проекти за инфраструктура можат да вршат правни лица кои поседуваат лиценца за ревизија на урбанистички планови.*

Во конкретниот случај, подносителот на одлуката за поништување не е стручен и компетентен да утврди дали Регулацискиот план е неусогласен со генералниот урбанистички план.

*Во постапката за донесување на Регулацискиот план на генералниот урбанистички план,а согласно член 23 од ЗПУП Комисијата за урбанизам на градот Скопје формирана од Градоначалникот која давала мислење на предлогот на регулацискиот план на генералниот урбанистички план на градот Скопје и ја изработувала планската програма за регулацискиот план на генералниот урбанистички план на градот Скопје.*

За извршената стручна ревизија, се изготвува извештај за стручна ревизија на урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и проектот за инфраструктура, во кој се констатира дали истите се изработени во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот или имаат недостатоци кои треба да се отстранат.

Со член 40 од ЗПУП разработена била постапката за изработување и донесување на регулациски план на генерален урбанистички план

*Имено,*

*"(1) Регулацискиот план на генерален урбанистички план се изработува врз основа на планска програма од член 26 на овој закон.*

*(2) Планската програма за регулациски план на генерален урбанистички план се изработува врз основа на извод од генерален урбанистички план при што за регулациски план на генерален урбанистички план на општина истата ја изработува комисијата за урбанизам на општината од член 23 став (1) на овој закон, а планската програма за регулациски план на генералниот урбанистички план на градот Скопје, ја изработува комисијата за урбанизам на градот Скопје од член 23 став (2) на овој закон.*

*(3) Изработената планска програма од став (2) на овој член ја одобрува градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје по што истата се заверува со потврда за заверка во електронска форма од страна на членовите на комисијата од став (2) на овој член, преку информацискиот систем е-урбанизам.*

*(4) По заверката на планската програма се изработува предлог на регулациски план на генерален урбанистички план, кој се доставува до општината односно градот Скопје чиј Совет го донесува регулацискиот план на генерален урбанистички план.*

*(6) По спроведување на постапката од став (5) на овој член, за предлогот на регулациски план на генерален урбанистички план мислење дава комисијата за урбанизам на општината од член 23 став (1) на овој закон, а за предлог на регулацискиот план на генералниот урбанистички план на градот Скопје, мислење дава комисијата за урбанизам на градот Скопје од член 23 став (2) на овој закон.*

*(8) Регулациски план на генерален урбанистички план на градот Скопје, изработен во форма на предлог план, за кој е дадено позитивно мислење согласно ставови (5) и (7) на овој член, го донесува Советот на градот Скопје, а регулациски план на генерален урбанистички план на општина, изработен во форма на предлог план, за кој е дадено позитивно мислење согласно ставови (5) и (7) на овој член го донесува Советот на општината.*

*Со овој член ( а поврзано со член 94 став 1 од ЗУП), детално е разработена постапката за донесување регулациски план, со јасно нагласена улога на Градоначалникот во постапката за донесување. Оттаму, неможе истата таа одлука, сега во обратна насока да биде поништена и тоа во "процедура без процедура", односно со заобиколување на Градоначалникот. На овој начин извршен е упад во системот на локалната самоуправа.*

Оттаму, Регулацискиот план за четврт СЗ 19 Советот на Град Скопје го донел согласно одредбите на законот. Оттука и прашањето кои се причините за поништување на Регулацискиот план?

***Според сега важечкиот Закон за урбанистичко планирање, член 23 се бави со важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија.*** *Така, урбанистички план <u>може да се укине целосно или делумно</u>, или да се суспендира. .*

*Овој <u>закон не го познава поимот поништување на план</u>, односно на актот за донесување на планот.*

*Член 41 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.") бр.199/14, 44/15, 193/15,31/16, 163/16, 64/18,и 168/18 бидејќи во истиот член не им е дадено надлежност на членовите на Советите на општините во градот Скопје за* ***поништување на одлуки*** *со кои се донесени урбанистички планови.*

*Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 08.08.2023 година, на законитоста над постапката на донесувањето (според член 5 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа) на Одлуката бр.27-7740/1, и другите активности преземени од страна на инспекторот, кој го составил Записникот со арх.бр.08-866, како и по добивање на бараната дополнителна документација, доставена од Град Скопје, е констатирано дека гореспоменатата одлука не е во согласност со член 14, член 40 и член 41 од Закон за просторно и урбанистичко планирање, како и со член 114 и 115 од Деловникот на Советот на Град Скопје. Во член 114, стои: Одлуките од својата надлежност Советот ги донесува по предлог на Градоначалникот, додека во член 115 од деловникот, стои: Советот може да донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, јавните служби, општините во град Скопје, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓани и други субјекти.*


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale

Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува до Градоначалникот заради давање мислење, ако Градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го извести претседателот на Советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.

Советот, во случај на став 3 од овој член, може, врз основа на свој заклучок, да донесе одлука во врска со иницијативата.

Во овој дел беше констатирано дека од страна на Советот на Град Скопје не се испочитувани одредбите од член 114 и 115 од Деловникот на Советот на Град Скопје и без да ја добиват бараното мислење од Градоначалникот на Град Скопје ја стават точката на дневен ред и донесуваат одлука.

<u>Оттука, иницијативата до Уставниот суд е заснована на пропусти во постапката за донесување на Одлуката за поништување на Одлуката за донесување регулацискиот план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19, што е доволен основ Уставниот суд да покрене постапка за оценка на уставноста и законитоста.</u>

Од аспект на уставните начела се повикуваме и на повредата на принципот на владеење на правото.

Законите и прописите мора да бидат во согласност со Уставот и со законите. Во конкретниот случај со поништувањето на Одлуката бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година, донесена од Советот на Град Скопје повреден е принципот на владеење на правото и одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Од формално правен аспект во член 1 од Одлуката за поништување морало да стои повредата на законот заради која одлуката се поништува, додека во основот за донесување на одлуката не се повикуваат на одредбите од кои се црпи законскиот основ за поништувањето на Одлуката, туку само се повикуваат на одредбата од член 36 од Закон за локална самоуправа, каде не е дефинирана таа надлежност.

Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став (1) и (2) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија") бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18, одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Северна Македонија„), и во web страната на МЛС во делот на ДИЛС
Доставено до: Градоначалникот на Град Скопје и Претседателот на Совет на Град Скопје.

Подготвил: Рахим Муслиу
Виш-Државен инспектор за локална самоуправа

ВД Директор,
Ферди Шабани

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Државен инспекторат за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale

Бр./Nr.02-174/2
01.09.2023

Скопје/Shkup

**До : Уставен суд на
Република Северна Македонија
С к о п ј е**

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, 187/13, 47/14 и 64/18 во законски рок поднесува :

## И Н И Ц И Ј А Т И В А

За оценување на уставност и законитост на пропис донесен од Совет на Град Скопје, со запирање на примена.

Предмет на иницијативата е иницирање постапка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, за оценување на уставноста, законитоста и постапката на Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, објавена во („Службен гласник на Град Скопје„) бр.10/23.

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 23 став (3) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа донесе решение бр.02- од 01.09.2023 година, со кое ја запре примената на погоре опишаната одлука.

Решението во смисол на член 23 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа е објавено во Службен весник на РСМ и на веб страната на Министерството за локална самоуправа, во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale

Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Причините поради кои беше запрена примената на Одлуката што е предмет на оценување на уставност и законитост (во натамошниот текст спорната или запрената одлука ) се следните :

Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, не е во согласност со член 2 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.") бр.199/14, 44/15, и 193/15, 31/16,163/16,64/18 и 168/18).

Според член 2 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање:

(1)Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на Просторен план, урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план и урбанистичко-проектна документација, со цел да се обезбеди уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата."

Според член 14 од истиот закон, цитираме:

1) Со Регулациски план на генерален урбанистички план се врши разработка на плански опфат на генерален урбанистички план, заради утврдување на граници за детално планирање.

(6) Регулациски план на генерален урбанистички план како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план. Стручна ревизија на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и проекти за инфраструктура можат да вршат правни лица кои поседуваат лиценца за ревизија на урбанистички планови.

Со член 40 од ЗПУП разработена била постапката за изработување и донесување на регулациски план на генерален урбанистички план, имено (1) Регулацискиот план на генерален урбанистички план се изработува врз основа на планска програма од член 26 на овој закон.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils.gov.mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

(2) Планската програма за регулациски план на генерален урбанистички план се изработува врз основа на извод од генерален урбанистички план при што за регулациски план на генерален урбанистички план на општина истата ја изработува комисијата за урбанизам на општината од член 23 став (1) на овој закон, а планската програма за регулациски план на генералниот урбанистички план на градот Скопје, ја изработува комисијата за урбанизам на градот Скопје од член 23 став (2) на овој закон.

(3) Изработената планска програма од став (2) на овој член ја одобрува градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје по што истата се заверува со потврда за заверка во електронска форма од страна на членовите на комисијата од став (2) на овој член, преку информацискиот систем е-урбанизам.

(4) По заверката на планската програма се изработува предлог на регулациски план на генерален урбанистички план, кој се доставува до општината односно градот Скопје чиј Совет го донесува регулацискиот план на генерален урбанистички план.

(6) По спроведување на постапката од став (5) на овој член, за предлогот на регулациски план на генерален урбанистички план мислење дава комисијата за урбанизам на општината од член 23 став (1) на овој закон, а за предлог на регулацискиот план на генералниот урбанистички план на градот Скопје, мислење дава комисијата за урбанизам на градот Скопје од член 23 став (2) на овој закон.

(8) Регулациски план на генерален урбанистички план на градот Скопје, изработен во форма на предлог план, за кој е дадено позитивно мислење согласно ставови (5) и (7) на овој член, го донесува Советот на градот Скопје, а регулациски план на генерален урбанистички план на општина, изработен во форма на предлог план, за кој е дадено позитивно мислење согласно ставови (5) и (7) на овој член го донесува Советот на општината.

Со овој член ( а поврзано со член 94 став 1 од ЗУП), детално е разработена постапката за донесување регулациски план, со јасно нагласена улога на Градоначалникот во постапката за донесување. Оттаму, неможе истата таа одлука, сега во обратна насока да биде поништена и тоа во "процедура без процедура", односно со заобиколување на Градоначалникот. На овој начин извршен е упад во системот на локалната самоуправа.

Овој закон не го познава поимот поништување на план, односно на актот за донесување на планот.

Член 41 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.") бр.199/14, 44/15, 193/15,31/16, 163/16, 64/18,и 168/18 бидејќи во истиот член не им е дадено надлежност на членовите на Советите на општините во градот Скопје за поништување на одлуки со кои се донесени урбанистички планови. повреден е принципот на владеење на правото и одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Одлуката бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година, донесена од Советот на Град Скопје, не е во согласност со член 14, член 40 и член 41 од Закон за просторно и урбанистичко планирање, член 22 од Закон за локална самоуправа, како и член 114 и 115 од Деловникот на Советот на Град Скопје.

Со оглед на тоа дека спорната одлука е незаконита, таа не може да произведе правно дејство и како таква не може да остане во правниот промет. Затоа предлагаме:

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на чл. 110 од Уставот на Република Северна Македонија и чл. 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија , да го донесе следното :

Р Е Ш Е Н И Е

Се поведува постапка за оценување на законитоста на, Одлуката за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, објавена во („Службен гласник на Град Скопје„) бр.10/23.

Решението на Државниот инспекторат за локална самоуправа бр. 02- ??? од 01.09.2023 година останува во важност до конечната Одлука на Уставниот суд по повод поведената иницијатива од претходниот став.

Предлагаме по спроведената постапка за оценување на законитоста на спорната, Одлука за поништување на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 19 ( Одлука бр.27-7740/1 од 20.07.2023 година), донесена од Советот на Град Скопје, објавена во („Службен гласник на Град Скопје„) бр.10/23, Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе Одлука со која како незаконита ќе ја поништи запрената Одлука на Советот на Град Скопје.

**Прилог:** Решение на Државниот инспекторат за локална самоуправа
Одлуката на Советот на Град Скопје
Огласот за објавување .

Подготвил: Рахим Муслиу
Виш- државен инспектор за локална самоуправа

**ВД ДИРЕКТОР,**
Ферди Шабани


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk